Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-262/2
24.4.2023 год.
ОХРИД

Врз основа на член 55 и член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018 и 178/21) и членовите 339-345 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид на седница одржана на ден 04.12.2019 година и 24.04.2023 година го донесе следново

У П А Т С Т В О
за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид
(пречистен текст)

Глава прва
ОПШТ ДЕЛ

Предмет на уредување

Со ова Упатство се уредуваат евалуационите методи и постапките за вршење самоевалуација на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид (во понатамошниот текст: Универзитетот).
За проценка на квалитетот на вршењето на високообразовната, научноистражувачката дејност, управувањето, финансирањето, академските и другите активности и нејзините приоритети, Универзитетот врши самоевалуација.
Самоевалуацијата се врши и преку евалуација на студиските и предметите програми и на процесите на настава и учење и научноистражувачката дејност.
Со Упатството се уредени:

- целите и насоките на самоевалуацијата,
- основите за вршење на самоевалуација,
- оценување на академскиот кадар и квалитетот на наставно-образованиот процес,
- самоевалуациона постапка,
- насоки на самоевалуациониот процес,
- правата и должностите на лицата кои ја вршат самоевалуацијата,
- насоки за содржина и подготвување на евалуациониот извештај,
- правила за прифаќање на евалуациониот извештај,
- мерки што треба да се преземат според евалуационите резултати,
- објавување на самоевалуациониот извештај,
- други прашања од значење за вршење на евалуација.

Цели на самоевалуацијата

Самоевалуацијата, како прв чекор во евалуациониот процес, има три главни цели:

1. да престави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес, земајќи го предвид влијанието на научно-истражувачата работа врз наставно-образованиот процес
2. да ги анализира силните и слабите страни на Универзитетот (со примена на swot-анализа)
3. да обезбеди основа која ќе служи при надворешна евалуација која ја врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Насоки на самоевалуациониот процес

Самоевалуацијата има за цел да ги зголеми способноста и мобилноста за континуирано подобрување на квалитетот и ефикасноста преку:

- формирање мислење на квалитетот на единиците во состав на универзитетот, квалитетот на студиските програми а особено квалитетот на наставно-образовниот процес,
- формирање мислење за поврзаноста на наставно-образованта и научноистражуваката дејност на универзитетот,
- следење на структурата, квалитетот и унапредувањето на академскиот кадар.

Глава втора
ОСНОВИ ВРЗ КОИ СЕ ВРШИ САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Информации и факти

Самоевалуацијата на Универзитетот се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована врз релевантните квантитативни податоци.
При анализирањето се прави разлика меѓу информации и факти.
Информациите можат да бидат цврсти (квантитативни) и меки (квалитативни). И двата типа се со еднаква важност, се додека се применуваат за да го прикажат квалитетот на испитуваната активност.
По добивањето на информациите се оценува дали тие се реални и валидни, и дали можат да се претворат во факти.
Фактите се разликуваат од информациите. Информацијата може да стане факт, само кога е поврзана со дефиниран критериум.
Самоевалуацијата треба да доведе до судови (заклучок, односно констатација) за тоа што не е добро и што може да се подобри, односно што треба да се промени.
Констатациите треба да се изведуваат врз основа на факти и треба да бидат јасни. Ако судовите се имплицитни, непрецизни и нејасни и нема препорака за подобрување, тие не се корисни за самоевалуацијата.

Сегмент на самоевалуација

Самоевалуацијата се насочува кон мониторинг и кон анализа на Универзитетот во повеќе сегменти, а особено на:

- опис на Универзитетот,
- мисијата и целите на Универзитетот,
- стратегија за остварување на мисијата,

- студиските и предметните програми,
- наставниот и соработничкиот кадар,
- наставно-образовната дејност,
- студентите,
- просторните и материјалите услови (ресурси),
- логистиката,
- надворешната соработка,
- научно-истражувачката дејност,
- финансирањето.

Самоевалуацијата треба да опфати и да даде одговор, особено на следниве прашања:
- што се обидува да направи Универзитетот, каква е неговата визија и која е улогата и задачите во иднина,
- како Универзитетот се обидува да го направи тоа, со посебно внимание на неговата организција, видот на образованието, научно-истражувачката работа, образовните услуги кои ги обезбедува, како и до која мера овие активности и процеси се поврзани со неговата улога и задачи (мисијата),
- како Универзитетот се менува, со цел нејзино подобрување.

Опис на Универзитетот

Описот на Универзитетот ги содржи следните елементи:
- година на основање, значајни реформи, карактеристики на сегашната состојба,
- број на вработени – наставно-научен, соработнички, стручен и административен кадар,
- број на студенти,
- број на студиски програма на прв цикус студии,
- број на студиски програми на втор цикус студии,
- број на студиски програми на трет циклус студии,
- други видови на континуирано образование.

Мисија

Универзитетот има своја мисија како насока за развој на подолг период и во сообразност со потребите на општествената заедница и пазарот на трудот.

Стратегија за остварување на мисијата

Стратегијата за остварување на мисијата на органите на управувањето и раководење на Универзитетот (менаџментот) се анализира преку согледување на следниве аспекти:
- како се следат промените што се прават на другите високобразовни и научни установи во земјата и странство,
- како се менува Универзитетот со цел да се подобри,
- како се приспособува Универзитетот на новите барања односно колку брзо реагира на барањата на надворешната околина,
- како и дали се прави стратегиски план за реализација на мисијата,
- кои механизми ги користи менаџментот за унапредување на квалитетот.

Студиски програми

Самоевалуацијата на студиските програми е основата врз која се врши самоевалуацијата на Универзитетот и опфаќа анализа на:

- описот на студиската програма,
- наставниот и помошно-наставниот кадар,
- наставно-образовната дејност,
- студентите,
- просторните и материјалните ресурси,
- логистиката,
- надворешната соработка,
- научноистражувачката дејност.

Студиските и предметните програми подетално се анализираат според:
- описот на студиските програми,
- годината на започнување,
- целите,
- бројот на семестри,
- бројот на предмети,
- бројот на часови по задолжителни, стручни и изборни предмети,
- степенот на предметните содржини што ги исполнуваат целите: целосно, делумно или незадоволително,
- соодветноста на предметните содржини со дипломата,
- начинот на кој се реализира студентската пракса,
- дали е цитирана основна литература за учење,
- дали задоволува соодносот број на часови за предавања со број на часови за вежби (семинарска работа/теренска настава): целосно, делумно или незадоволително.

Наставно-научен и соработнички кадар

Во однос на квалификуваноста на кадровскиот потенцијал и нивните компетенции, со самоевалуацијата се врши анализа на:
- структурата на наставниците и соработниците за реализација на наставата на секоја студиска програма,
- вкупниот број вработени со полно работно време во последните три години,
- структура и број на ангажирани кадри од практиката,
- соодносот на бројот на студентите со бројот на наставниците на студиската програма,
- покриеноста на наставните предмети со наставници, број на дисциплини, број на наставници,
- годишниот фонд на часови по наставник.

Наставно-образовна дејност

Наставно-образовната дејност се оценува според:
- системот на образование,
- применети начини, облици, методи и технологии во наставно-образовниот процес,
- примената на современи технологии (компјутери, софтверска поддршка, информациони бази и др.),
- реализирање на наставата со надворешна соработка,
- примената на методите за континуирана проверка на знаењата (колоквиуми, тестови, усни испити),
- придонесот на завршниот испит (дипломска работа) за оформување на стручниот профил,
- видот на вештините за кои студентот се оспособува во текот на студиите,

- должината на просечното време на студирање,
- бројот на студентите кои се запишале во последните три учебни години,
- бројот на студенти кои дипломирале во последните три учебни години,
- бројот на студентите од една генерација кои дипломирале во предвидениот рок,
- број на запишани студенти на втор циклус студии во последните три години,
- број на дипломирани студенти на втор циклус студии (магистри и специјалисти) од запишаните во генерацијата,
- број на запишани студенти на трет циклус студии – докторски студии,
- број на докторски дисертации пријавени во последните три години,
- број на докторски дисертации одбранети во последните три години.

Студенти

Евалуацијата поврзана со студентите се оценува според:
- број на новозапишани студенти во однос на предвидените квоти во последните три години,
- испишување на студентите по години,
- видот на облиците во кои студентите учествуваат во оценувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес (студентски анкети),
- видови студентски активности,
- учество на студентите во управувањето (според Статут и други нормативни акти на Универзитетот).

Просторни и материјални ресурси

Просторот се оценува според тоа колку ресурсите што се предвидени за поддршка на студентите во учењето соодветствуваат со понудените студиски програми, и тоа:
- просторните услови за изведување на наставно-образовниот процес,
- видот на опремата за теренска и за практична настава,
- просторната организација на практичните вежби,
- компјутерските лаборатории и интернет-приклучоци за студентите,
- библиотека,
- библиотечен фонд на учебници и учебни помагала за предметните содржини.

Логистика

Логистиката се оценува според:
- организација на студентските служби (број на вработени, водење на евиденција, редовни услуги на студентите),
- услугите на библиотеката (издавањето книги, анкетирањето на студентите и наставниците за набавка на литература, редовно информирање на студентите и наставниците за пристигнатите книги итн.).

Надворешна соработка

Надворшената соработка се оценува според:
- соработката со стопанството, со владини институции, невладини организации и со други професионални асоцијации на национално ниво а во контекст на мисијата, целите и задачите на Универзитетот,
- учество во европски програми во последните три години,
- вкупен број на проекти во последните три години,
- мобилност на студентите и академскиот кадар,

- меѓународна димензија на студиските програми,
- контактите со дипломираните студенти.

Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност се оценува според:
- бројот на публикации во последните три години,
- вкупниот број на пријавени проекти во последните три години,
- вкупниот број на реализирани проекти во последните три години,
- учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните три години,
- вкупниот број на организирани научни собири во последните три години,
- гостување на странски предавачи,
- освоени награди за научноистражувачка дејност на национално и меѓународно ниво.

Финансирање

Финансирањето се оценува според:
- начин на остварување на средствата,
- уделот на средствата од буџетот во вкупните средства,
- уделот на студентската партиципација во вкупните средства,
- цена на чинење на студиите за студент/година.

Глава трета
ОБЕЗБЕУДВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Китериуми за избор и оценување на квалитетот

Главни аспекти на оценувањето на квалитетот на академскиот кадар се:
- профилот и квалификациите на академскиот кадар, согласно со општите акти за избор и унапредување,
- спроведување на усвоените универзитетски единствени критериуми за избор во наставно-научни/научни/наставни звања,
- бројот на предмети за секој циклус на студии и бројот на наставници и соработници со кои се реализира наставата,
- пристапот на Универзитетот за унапредување на знаењата на академскиот кадар,
- соодност помеѓу образованието и истражувањето,
- оценка на студентите.

Мерки за подобрување на квалитетот

Сенатот на Универзитетот врз основа на оцена на академскиот кадар предлага и презема мерки за негово усовршување и подобрување, и тоа:
- создавање претпоставки и градење механизми за организирано вработување млади стручни кадри кои имаат афинитети за истражувања,
- создавање можности за стручно и научно усовршување во земјата и во странство,
- стимулирање на учество на визитинг-професори во реализирање на наставата,
- учество на македонски еминентни кадри од универзитетските средини во Европа и светот,

- преземање мерки за подобрување на материјалниот статус и стимулирање на академскиот кадар,
- обезбедување неопходни финансиски и материјални услови за квалитетна научноистражувачка работа (простор, опрема, инфраструктура, литертура, средства).

Глава четврта
САМОЕВАЛУАЦИОНЕН ПРОЦЕС

Самоевалуациониот процес започнува со разговор со менаџментот на Универзитетот, за следниве прашања:

- како Универзитетот ја одржува автономијата (избор на академски и административен кадар, селекција на студенти, менаџмент на средства и можности за создавање на сопствени фонодови),
- со кои проблеми се соочува менаџментот во остварување на зацртаната мисија,
- кои се заложбите на менаџментот во однос на промените за подобрување на квалитетот,
- кои се академските приоритети на Универзитетот,
- кои студиски програми, научни подрачја на истражување, ги оценува за приоритетни,
- каква е врската на високобразовната установа со нејзините финансиери,
- каква е релацијата на установата и општеството (надворшени партнери, државни инстиуции, високообразовни установи во регионот, во Европа и во светот),
- каква е политиката на Универзитетот во однос на меѓународната соработка.

Извештај за самоевалуација

Комисијата за самоевалуација врз основа на сопствените истражувања, изготвува извештај за резултатите од евалуацијата со оценка на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварување на дејноста на Универзитетот.
Извештајот за самоевалуацијата се пишува за интерни потреби на Универзитетот и за екстерни потреби – за надворшена евалуација.
Извештајот треба да биде аналитички и самокритички.
Извештајот содржи:

- вовед, во кој се објаснува процесот на самоевалуација,
- список на членови на комисијата и работните групи кои учествувале во самоевалуацијата,
- список на органите, субјектите и институиците со кои универзитетот соработувал во самоевалуацијата,
- начинот на кој е остварена дискусијата по извештајот и времетраењето на дискусијата,
- приказ на позитивните елементи и на тешкотиите што се појавиле во текот на самоевалуациониот процес.

Појдовна точка на анализата се мисијата и целите на високообразовната установа, во однос на кои таа се проверува и се евалуира.
Анализите ги осветлуваат силните и слабите точки на секој компонента што е предмет на евалуација. Анализите се проследени со предлози и со корективен план на активности за отстранување на недостатоците и за подобрување на квалитетот.
Структурата и насоките на самоевалуациониот извештај се подготвуваат според насоките утврдени во ова Упатство.

Заклучок на извештајот

Заклучокот на извештајот за самоевалуација ги има следиве карактеристики:

- да биде објективен, имајќи предвид дека цел на самоевалуацијата е подобрување на квалитетот,
- да ги покаже позитивните страни и присутните недостатоци,
- да содржи предлози за подобрување во форма на корективни мерки.

Во заклучокот на извештајот задолжително се наведуваат посебни препораки кои укажуваат на преземање соодветни мерки за надминување на констатираните недостатоци.

Обем на извештајот

Извештајот се изготвува во обем од најмалку 15 страници.

Потпишување на извештајот

Извештајот го потпишува претседателот и членовите на комисијата.
Со самоевалуациониот извештај треба да биде запозаен Ректорот на Универзитетот и тој да биде потпишан и од негова страна.

Објавување на извештајот

Извештајот се објавува на интернет-страницата на Универзитетот.

Глава петта
Завршни одредби

Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години.
Во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите.
Самоевалуацијата се врши согласно ова Упатство.
Составен дел на ова Упатство е модел на студентска анкета што задолжително се спроведува на Универзитетот за потребите на самоевалуацијата.
Универзитетот спроведува и друг вид студентски анекети за континуирана проверка и оценка на наставниот кадар и квалитетот на наставата.
Ова Упатство стапува на сила со денот на објавување во Универзитетски Билтен.

Претседател на Универзитетски сенат
доц. д-р Расим Салкоски, с.р.